РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-СКОПЈЕ**

Бр. 02-218/3
29.5.2020 год.
С к о п ј е

Врз основа на член 254 и 255 од Статутот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник број 251/2013 година) и член 32 и 34 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии (Универзитетски гласник број 254/2013 година), член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје, како Одлуката на Универзитетскиот сенат за изменување на Универзитетскиот календар на активности во студиската 2019/2020 година од 26.5.2020 година, ННС на 32 -та седница, одржана на 29.5.2020 година, **донесе**

**О Д Л У К А**
**за утврдување испитни термини во есенскиот, зимскиот и летниот испитен рок за студентите на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје во учебната 2019/2020 година**
**(пречистен текст)**

Член 1
Студентите имаат право да ги полагаат испитите по предметните програми во рамките на: есенскиот, зимскиот и летниот испитен рок. Испитните рокови траат најмалку 3 недели.

Член 2
Редовните и вонредните студенти од прва до четврта година, студентите кои имаат презапишано четврта година по прв или неколку пати (апсолвенти) на прв циклус студии, како и студентите на втор циклус студии, можат да ги полагаат испитите по предметните програми во следниве редовни испитни сесии во учебната 2019/2020 година, и тоа:

1. Прва испитна сесија, која ќе трае од **13 јануари до 14 февруари, 2020 година**;
2. Втора испитна сесија, која ќе трае од **8 јуни до 17 јули, 2020 година**;
3. Трета испитна сесија, кој ќе трае од **17 август до 25 септември, 2020 година**.

Член 3
На студентите кои имаат презапишано четврта година по прв или неколку пати (апсолвенти) на сите студиски програми на прв циклус студии и на студентите на втор циклус студии кои имаат запишано и заверено втор на едногодишни и двегодишни студии, односно трет или четврти семестар на двегодишни студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје во учебната 2019/2020 година, а ги исполниле условите и обврските предвидени според студиската програма и правилата на студирање на ФЗНХ, им се одобрува да ги полагаат испитите по предметните програми во следниве **дополнителни испитни термини** во есенскиот, зимскиот и летниот испитен рок во учебната 2019/220 година:

1. Октомвриски испитен (дополнителен) термин, кој ќе трае од 14.10 2019 до 28.10.2019 **година**;
2. Ноемвриски испитен (дополнителен) термин, кој ќе трае од 12.11.2019 до 29.11.2019 **година**;
3. Декемвриски испитен (дополнителен) термин, кој ќе трае од 11.12.2019 до 27.12.2019 **година**;
4. Мартовски испитен (дополнителен) термин, кој ќе трае од 11.3.2020 до 30.3.2020 **година**;
5. Априлски испитен (дополнителен) термин, кој ќе трае од 13.4.2020 до 30.4.2020 **година**;

6. Дополнителен испитен термин во месец Мај, кој ќе трае од 12.5.2020 до 30.5.2020 **година**;

Надоместокот за пријавување на испитите за студентите од член 3, во дополнителни испитни термини во есенскиот, зимскиот и летниот испитен рок изнесува 400,00 денари за полагање на секој испит на една предметна програма.

Член 4

На студентите кои имаат запишано втора, трета и четврта година на прв циклус студии на сите студиски програми на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје во учебната 2019/2020 година, а ги исполниле условите и обврските предвидени според студиската програма и правилата на студирање на ФЗНХ, им се одобрува да ги полагаат испитите по предметните програми во следниве **дополнителни испитни термини** во есенскиот, зимскиот и летниот испитен рок во учебната 2019/2020 година:

1. Октомвриски испитен (дополнителен) термин, кој ќе трае од 14.10 2019 до 28.10.2019 **година**;
2. Декемвриски испитен (дополнителен) термин, кој ќе трае од 11.12.2019 до 27.12.2019 **година**;
3. Мартовски испитен (дополнителен) термин, кој ќе трае од 11.3.2020 до 30.3.2020 година;
4. Дополнителен испитен термин во месец Мај, кој ќе трае од 12.5.2020 до 30.5.2020 година;

Надоместокот за пријавување на испитите за студентите од член 4, во дополнителни испитни термини изнесува 400,00 денари за полагање испит на една предметна програма.

Член 5

На студентите кои имаат запишано втор семестар на сите студиски програми на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје во учебната 2019/2020 година, а ги исполниле условите и обврските предвидени според студиската програма и правилата на студирање на ФЗНХ, им се одобрува да ги полагаат испитите по предметните програми во следниве **дополнителни испитни термини** во учебната 2019/2020 година:

1. Мартовски испитен (дополнителен) термин, кој ќе трае од 11.3.2020 до 30.3.2020 година;
2. Дополнителен испитен термин во месец Мај, кој ќе трае од 12.5.2020 до 30.5.2020 година;

Надоместокот за пријавување на испитите за студентите од член 5, во дополнителни испитни термини изнесува 400,00 денари за полагање испит на една предметна програма.

Член 6

Наставниците доставуваат по два термина во редовните испитни рокови на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје, односно по три термини во јунската и септемвриската сесија, а студентот има право да се јави на 2 термини со иста пријава. Наставниците доставуваат по еден термин за дополнителните испитни рокови предвидени со членот 3, 4 и 5 од оваа Одлука. Наставниците ги внесуваат оценките во индекс и пријава согласно термините утврдени во член 3, 4 и 5 и согласно датумот на реализираниот испит објавен на огласната табла на ФЗНХ.

Член 7

Од плаќањето на надоместок за полагање испити од членот 3, 4 и 5 се ослободени студентите (посебни категории на лица) кои се опфатени со Законот за високото образование и одлуки на органите на Универзитетот и Факултетот.

Член 8

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави на огласната табла на Факултетот.

ДЕКАН,

Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ